ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 14.12.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Советник Александар Ангелов Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се одржи состанок со изготвувачот на документацијата за проектот за ул. Калин Камен , проектот за тротоарите во општината и други проекти и да се даде известување до Градоначалникот.Никола Граматиков 14.12.2015

Да се види за проекотот за Големата сала при општината да може да се користи и како прекугранpriчен и регионален обучен центар 14.12.2015

До одделението за општи и правни работи да се достават геодетски елаборат и проценки за рализација на проектот пат во с. Трново 14.12.2015

Дадена информација дека е пуштена ургенција во врска со нафтата за чистење на речните корита до министерството - Сектор за води. Александар Ангелов 14.12.2015

Да се водат активности и даваат известувања за поставување на јарболот со Македонско знаме, за мостот во с. Тлменци, мостот кај Шипад, канализацијата Бојанов дол и за Повеќенаменско игралиште. Никола Граматиков континуирано

За проектите водовод во с. Луке да се контактира со надлежните, за замена на Азбестно цеменетни цевки да се види за документација за разрешување на имотно правните односи.

За проектите Домачки Дол (водовод и регулација на коритото) да се разгледаат и да се даде известување до каде е со постапката. Никола Граматиков континуирано

Да се поднесат барања за издавање на одобрение за градба до одделението за урбанизам за проектите за кои е обезбедена потребната документација. Никола Граматиков 14.12.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Градоначалникот да се известува за активностите во врска со Урбанистичките планови. За изготвувањето на општите акти е дадено информација дека се изработуваат Мождивњак, Огут, Лозаново, Кошари, Градец. Добривој Николовски континуирано

Да се забрзаат постапките за изготвување на плански документации Добривој Николовски 14.12.2015

Да се поднесат барања за распишување на јавни набавки за локалитет Бари, Мандра и за изготвување на други плански документации . Добривој Николовски 14.12.2015

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Сите раководители да ги достават обрзците за оценување на административни службеници.

Координација за Седница на советот на општина Крива Паланка да се закаже за 21.12.2015 година Биљана Тасевска 14.12.2015

До одделението да се поднесат барања за да се распишат јавни набавки по претходно согледување за потребите на општината. Сите раководители и Биљана Тасевска 14.12.2015

Да се преземат активности за најдобро украсен двор и деловен објект. Јаготка Николовска. 14.12.2015

Во координација со сите одделенија и пописната комисија да се изврши нумерирање на канцелариите, како и да се изврши евидентирање на инвентарот на општината 14.12.2015

**Одделение за инспекциски надзор**

Да се преземат активности за отстранување на дрва за влез на механизација во коритото на Дурачка Река и извршување на активности. Бранко Велиновски, Зоран Павловски и Никола Граматиков 14.12.2015

Во координација со ЈП Комуналец да се види за поставување на сад за електронски отпад на најадекватна локација (Автобуска Станица или кај на поранешен зелен пазар) Бранко Велиновски и Томе Тодоровски 14.12.2015

**Одделение за финансиски прашања**

Информација дека Опомените за користење на простор пред деловни објекти се доставуваат со предупредување за камата. Татјана Ѓеоргиевска 14.12.2015

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. Да се соберат сите потебни податоци да се даде предлог решение и да се повикаат корисниците на простории во општината. Да се даде известување до институциите да се поднесат барања за издвојување и поставување на сопствени електрични броила Татјана Ѓоргиевска и Јаготка Николовска.пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се види за обезбедување на пакетчиња за нова година Душко Аросвски и Јаготка Николовска.

Да се направи презентација на сработеното во врска со Светска Банка. Да се изготви записник за одржаниот состанок за одобрување и да се достави до координаторот на светска банка. Валентина Ангеловска и Драгица Митровска 14.12.2015

Да бидат разгледани предлозите од граѓаните од буџетските форуми, да се закаже презентација за Четврток во 10.00 часот. Лидија Митовска 14.12.2015

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

За проектот Висока Зона лев брег е дадено известување дека градежните работи за машинско копање се завршени , во тек се активности за рачно копање, за пешачката патека и други поврзани градежни активности. Дадена е информација дека трасата е повеќе од 50 % завршена, и се водат активности за обезбедување на трасата на местата каде е потребно со потпорни ѕидови, како и за поставување на кабел. Томе Тодоровски. 14.12.2015 г.

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски
Крива Паланка 14.12.2015 година